# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

Ул.,,7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **23.08.2017 година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 9 – 2017 год.**

АВГУСТ 2017

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весникна РМ" број 05/02), член 143 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ" број 36/04, 106/16), Советот на Општина Македонски Брод на седница, одржана на 18.08.2017 год. ја донесе следната

**О Д Л У К А**

**за формирање Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди,**

**епидемии и други несреќи**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидемии и други несреќи на подрачје на Општина Македонски Брод.

**Член 2**

Комисијата ќе се состои од претседател и шест члена и тоа:

1. Зоран Новески - дип.градежен инженер за претседател
2. Славе Ѓурчиноски - градежен техничар за член
3. Вања Димоска - дип.по безбедност и финансиска контрола за член
4. Добре Смилески - дип. земјоделски инженер за член
5. Иљаз Мифтароски - доктор по ветерина за член
6. Александар Максимоски - дип.шумарски инженер за член
7. Живко Силјаноски – дип.шумарски инженер за член

**Член 3**

Комисијата од член 2 на оваа Одлука е должна:

- Да изврши процена и утврдување на штета, согласно Единствената методологија за процена на штетите од елементарни и други непогоди, во зависност од тоа од каква непогода или друга несреќа е настаната штетата;
- Утврдување на висината на штетата да се започне веднаш по настанувањето на непогодата;
- Да изработи збирен извештај за проценетите штети на подрачје на Општината и да го достави до Советот на Општината на разгледување;
- Усвоениот извештај да го достави до Републичката комисија за процена на штети;

- Да врши и други работи согласно Законот за заштита и спасување и другите законски прописи што ја уредуваат оваа политика.

**Член 4**

Претседателот и членовите на Комисијата можи да се менува само со Одлука на Советот на Општината.

Мандатот на претседателот и членови на комисија трае 4 (четири) години.

**Член 5**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на донесување а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Број 18- 589/2**

**18.08.2017 год.**

**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**

**Претседател,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за формирање Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидемии и други несреќи**

Се прогласува **Одлука за формирање Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидемии и други несреќи**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Бр.08- 589 /6**
**23.08.2017** година

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003), Советот на Општина Македонски Брод, на седницата одржана на ден 18.08.2017 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за продажба на деловни објекти од времен карактер поставени на новоизградениот градски пазар во Македонски Брод**

Член 1

Се донесува Одлука за продажба на четири деловни објекти од времен карактер поставени на новоизградениот градски пазар во Македонски Брод, дел од КП бр.3672 за КО Македонски Брод по пат на јавно наддавање.

Член 2

Условите и поединечната вредност за продажба ќе бидат утврдени од страна на општината Македонски Брод.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Број 18- 589/3**
**18.08.2017 година**
**Македонски Брод**

**Совет на општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за продажба на деловни објекти од времен карактер поставени на новоизградениот градски пазар во Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за продажба на деловни објекти од времен карактер поставени на новоизградениот градски пазар во Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Бр.08- 589 /6**
**23.08.2017** година

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод бр.2/03), а согласно Одлуката за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година („Сл.Гласник на Општина Македонски Брод“ бр.14/16), по поднесено барање од СОУ „Св.Наум Охридски“ – Македонски Брод бр.18-485, Советот на општина Македонски Брод на седницата одржна на ден 18.08.2017 година донесе

# О Д Л У К А

**За одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за СОУ „Св.Наум Охридски“ – Македонски Брод**

1.Советот на Општина Македонски Брод донесе одлука за одобрување на финансиски средства во износ до 500.000,00 денари за СОУ „Св.Наум Охридски“ –Македонски Брод за надминување на настанатата состојба со неисплатени обврски и финансирање на Ученичкиот дом како правен субјект во склоп на училиштето за време на летните месеци.

2.Финансиските средства да бидат употребени за плати во ученичкиот дом и за заостанат долг за електрична енергија, средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на општина Македонски Брод за 2017 година.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на општина Македонски Брод.

**Бр.18- 589 /4**

**18.08.2017 година** **Совет на општина Македонски Брод**

**П р е т с е д а т е л,**

**Дарко Трајкоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 37 од Статутот на општина Македонски Брод Градоначалникот на општина Македонски Брод го донесе следниот

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за СОУ „Св.Наум Охридски“ – Македонски Брод**

Се прогласува **Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за СОУ „Св.Наум Охридски“ – Македонски Брод**, што ја донесе Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 18.08.2017 година.

**Бр.08- 589 /6**
**23.08.2017** година

**Општина Македонски Брод**

**Градоначалник,**

**Милосим Војнески с.р.**

**Службен гласник број 9 од 23.08.2017 година на Совет на општина Македонски Брод**

## С О Д Р Ж И Н А

Одлука за формирање Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидемии и други несреќи ........................................................................................................ стр. 2

Заклучок за прогласување на Одлука за формирање Комисија за процена на штета настаната од природни непогоди, епидемии и други несреќи ........................................................................ стр. 4

Одлука за продажба на деловни објекти од времен карактер поставени на новоизградениот градски пазар во Македонски Брод ........................................................................................... стр. 5

Заклучок за прогласување на Одлука за продажба на деловни објекти од времен карактер поставени на новоизградениот градски пазар во Македонски Брод ................................................ стр. 6

Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за СОУ „Св.Наум Охридски“ – Македонски Брод ............................................................... стр. 7

Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на средства од Буџетот на општина Македонски Брод како финансиска помош за СОУ „Св.Наум Охридски“ – Македонски Брод .... стр. 8